**за јавна објава**

**НЛБ Нов Пензиски Фонд АД Скопје**

ул. Мајка Тереза бр.1
МК-1000 Скопје, Р.Македонија
Т: +389 2 15 500
F: +389 2 3236989
E: kontakt@nlbnpf.mk

www.nlbnpf.mk

## Информација за начин на пристап до лична сметка

Почитувани членови,

НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје во годишниот извештај за пензиска заштеда, Ви доставува податоци за најава во делот за **Лична сметка**. Податоците за најава се состојат од корисничко име и информација за лозинка.

Лозинката која е наведена во Вашиот годишен извештај е **еднократна** и при првата најава во Вашата **Лична сметка**, ќе Ви биде побарано да ја промените.

По извршената промена, новата лозинка ќе Ви биде позната само Вам и истата потребно е **соодветно да ја сочувате и заштитите**.

Корисниците **кои веќе ја промениле лозинката**, се најавуваат со својата лозинка.

Новата лозинка мора да содржи **најмалку 8 карактери**, од кои минимум еден карактер со голема буква, еден карактер со мала буква, број и специјален знак, а за Ваша сигурност препорачуваме истата да ја менувате на период не подолг од 90 дена.

По успешната промена на еднократната лозинка, ќе добиете пристап до податоците за Вашата пензиска заштеда, податоци за пензискиот фонд/фондови во кој сте член и до Вашите лични податоци.

Доколку ја заборавите лозинката, кликнете на линкот **Заборавена лозинка** или контактирајте нè на 02/15–500 секој работен ден од 08–16 часот за понатамошни инструкции.

**Опциите за заборавена лозинка и ажурирање на податоци** можете успешно да ги користите само доколку претходно од Вас имаме добиено важечки податоци за електронска пошта (е-маил) или мобилен телефонски број со пропишана хартиена документација.

Доколку од Вашето зачленување **имате промена на податоци** и истите не сте ги ажурирале како член на пензиски фонд, појдете во најблиското продажно место во Експозитурите на НЛБ Банка АД Скопје или во нашето седиште во Скопје и побарајте лиценциран агент за пензиско осигурување.

Со почит,
НЛБ Нов пензиски фонд АД Скопје

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) (02) 3224 229, www.mapas.mk